**20252164228**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Врз основа на член 87 став (3) од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20, 78/25 и 132/25), министерот за образование и наука донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ОЦЕНУВАЊЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ КОИ РАБОТАТ ПО ИНДИВИДУАЛЕН ОБРАЗОВЕН ПЛАН И МОДИФИЦИРАНА ПРОГРАМА

Член 1

Со овој правилник се пропишува оценувањето на учениците кои работат по индивидуален образовен план (во натамошниот текст: ИОП) и модифицирана програма.

Член 2

За оценување на учениците кои работат по ИОП и модифицирана програма, наставникот:

- го планира оценувањето;
- врши избор на специфични методи за оценување и избор/изработка на специфични инструменти и постапки (писмени тестови на Брајово писмо, зголемен формат, во електронска верзија, аудио формат, употреба на асистивна технологија, подолго време за решавање на тестот, помош за читање на прашањата од тестот, надгледувани паузи и флексибилен наставен план, присуство на образовен асистент);
- го спроведува процесот на оценување;
- формира оценка;
- врши анализа и информирање за сознанијата од оценувањето и
- користи сознанија од оценувањето за идните планирања на наставата во соработка со училишниот инклузивен тим и инклузивниот тим за ученик.

Член 3

Оценувањето на секој ученик посебно се приспособува врз основа на неговите когнитивни способности, можности и начинот на изразување.

Оценувањето на учениците кои работат по ИОП и модифицирана програма се врши на следниот начин:

- оценување на предзнаењата на ученикот - дијагностичко оценување - согледување на знаењата, способностите, вештините и ставовите на ученикот, со цел соодветно планирање на наставата;
- формативно оценување, односно континуиран процес на следење, проверување и вреднување на постигнувањата на учениците за обезбедување на објективни докази за тоа како ученикот учи и напредува, во што покажува добри резултати, а што треба да подобри. Резултатите на ученикот се користат за да му се даде повратна информација, објаснување и насоки за понатамошна работа. Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигнувањата на учениците, се прибираат показатели за нивната активност, мотивираноста, ангажираноста, посветеноста во работата, тимската работа и

- сумативно оценување, односно мерење на постигнувањата на ученикот на крајот на определена наставна целина или на даден временски период (тримесечје, полугодие, крај на учебната година), а резултатите се користат за да се оформи оценка за дотогашните постигнувања.

Член 4

Наставникот во процесот на оценување користи различни, специфични методи и инструменти за оценување. Методите и инструментите за оценување се поврзани со резултатите од учењето, стандардите за оценување на постигнувањата на учениците, целта на оценувањето, видот на попреченоста и индивидуалните способности и можности на учениците. Во процесот на оценување се користат следните методи во зависност од видот на попреченоста на ученикот:

- за усмено проверување (разговор, дискусија, усно излагање, усно испрашување, невербално изразување на наученото, опишување и претставување со моделирање);
- методи за оценка на писмени одговори (тестови и писмени тестови на Брајево писмо, одговори на прашања), други пишувани трудови (есеи, литературни трудови, извештаи од истражувања) и изработки (цртежи, модели, графички прикази, портфолио) и
- методи на проверка на практична оспособеност (драмски, музички, физички изведби, практична работа).

Во процесот на оценување согласно методите и целта на оценувањето се користат следните инструменти за оценување:

- за следење (набљудување) на напредокот на ученикот (формативно оценување): анегдотски белешки, протокол за набљудување, задачи наменети за сите ученици, диференцирани задачи за група ученици или ученик, евидентни и чек листи и
- за формирање на оценка (сумативно оценување) се користат инструменти кои обезбедуваат поголема објективност и репрезентативност како на пример: тестови, аналитички листи за проценка, холистички листи за проценка и портфолио.

Член 5

За учениците кои работат по ИОП и модифицирана програма, оценката се формира по заокружување на програмската целина (подрачје/модуларна единица) и конкретниот временски период во наставната година (тримесечје, полугодие и крај на учебната година).

За учениците кои работат по ИОП, оценката може да се формира и по постигнување на адаптираните резултати од учењето на наставната програма, вклучени во ИОП-от, а за учениците кои работат по модифицирана програма, оценката може да се формира и по постигнување на определените резултати од учењето базирани на компетенциите според модифицираната програма.

Во оценката се опфаќаат само показателите за постигнувањата на адаптираните резултати од учењето што се оценуваат согласно ИОП-от/модифицираната програма.

Член 6

Учениците кои работат по ИОП се оценуваат бројчано за секоја учебна година во средното образование, согласно со индивидуалното постигнување на поставените цели од учењето и стандардите за оценување на индивидуалните постигнувања на ученикот, а во однос на: запомнување и репродуцирање на наставните содржини; разбирање/сфаќање на обработените содржини, односно способност на ученикот нив да ги интерпретира со свои зборови; примена на научените содржини во конкретни задачи со познати и нови елементи и во други нови ситуации; како и повисоките интелектуални способности на

анализа, синтеза и вреднување што подразбираат способност на ученикот за средување, комбинирање елементи во нови целини и способност за вреднување на оправданоста или научноста на некое тврдење или дело.

Откако наставникот ќе ги согледа постигнувањата на ученикот согласно изготвениот ИОП на секое од наведените нивоа според стандардите за оценување (за секое подрачје/модуларна единица), ја утврдува оценката на ученикот на следниот начин:

- оценка недоволен (1) – не остварува ниту минимален напредок во постигнување на резултатите од учењето;
- оценка доволен (2) – знаењата на ученикот се однесуваат на запомнување и репродуцирање, ученикот покажува одредени способности знаењето да го искаже со свои зборови и да го применува на наједноставни задачи, или ученик кој постигнува минимален напредок во совладување на ИОП и постигнување на резултатите од учењето со ангажирање на ученикот и многу значителна помош од страна на наставникот;
- оценка добар (3) – знаењата на ученикот, покрај тоа што се однесуваат на запомнување и репродуцирање, разбирање и сфаќање на наставните содржини, ученикот покажува способност за примена на знаењата за решавање на едноставни задачи, или ученик кој постигнува напредок во совладување на ИОП и постигнување на резултатите од учење со ангажирање на ученикот и значителна помош на наставникот;
- оценка многу добар (4) - знаењата на ученикот се однесуваат на поцелосно запомнување и репродуцирање, разбирање и сфаќање на наставните содржини, ученикот покажува способност за примена на знаењата за решавање на задачи од познати и нови елементи, како и способност за средување и комбинирање елементи во нови целини, или ученикот постигнува значаен напредок во совладување ИОП и постигнување на резултатите од учењето со голем степен на ангажираност на ученикот и незначителна помош на наставникот и
- оценка одличен (5) – знаењата на ученикот се над 90% од содржините од наставната програма на ниво на запомнување, репродуцирање, сфаќање и разбирање, ученикот може да ги применува знаењата за решавање на задачи со познати и нови елементи, ученикот може да средува, комбинира елементи во нови цели и да покажува способност за вреднување на оправданост или научност на некое тврдење или дело, или ученикот постигнува многу значаен напредок во совладување на ИОП и целосно постигнување на резултатите од учењето, со многу голем степен на ангажираност и незначителна помош на наставникот.

При формирањето на оценката, наставникот ги користи сите пополнети инструменти и прибрани докази од формативното оценување што се трудови на учениците, со цел да се постигне објективност во оценувањето на конкретниот ученик.

Оценувањето на учениците опфаќа и чести, кратки проверки на помали наставни целини; писмени проверки на знаењета со употреба на задачи на надополнување; споредување, со двочлен или повеќечлен избор; проверување и оценување кое делува стимулативно на ученикот; разработување на мотивациски план, доколку е потребно; развивање на способност за самооценување.

Член 7

Учениците кои работат според модифицирана програма, се оценуваат бројчано за секоја учебна година во средното образование согласно со индивидуалното постигнување на поставените цели од учењето и стандардите за оценување на индивидуалните постигнувања, со кои треба да стекнат и развијат знаења и вештини за самостојност, личен развој, социјални односи и работно оспособување.

При оценувањето наставникот ги има предвид резултатите од учењето утврдени во модифицираната наставна програма, во однос на запомнување и репродуцирање на наставните содржини; разбирање/сфаќање на обработените содржини, односно способност на ученикот за примена на научените содржини во конкретни задачи.

При формирањето на оценката наставникот ги користи сите пополнети инструменти и прибрани докази од формативното оценување што се трудови на учениците, со цел да се постигне објективност во оценувањето на конкретниот ученик.

Член 8

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 18-13406/1
17 октомври 2025 година
Скопје

Министер за образование
и наука,
проф. д-р **Весна Јаневска**, с.р.